ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ



# ИЗВЕШТАЈ ОД ВТОРАТА ГОДИШНА АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

ИЗВЕШТАЈ

# ОД ВТОРАТА ГОДИШНА АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

ИЗВЕШТАЈ ОД ВТОРАТА ГОДИШНА АНКЕТА
ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

Издавач:
Институт за европска политика и Асоцијација ЗЕНИТ

Податоците се собрани и првично обработени од Стеван Томовски
во соработка со Асоцијација ЗЕНИТ

Авторка:
Бети Деловска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, 2021

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Партнерство Јустиција – враќање на довербата на граѓаните", финансиран од Европската унија преку Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии во Република Северна Македонија.
Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 6

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 7

РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА 10

I. РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО 10

II. ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ 15

III. ЕФИКАСНОСТ 17

IV. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, НЕПРИСТРАСНОСТ, ЕТИКА И КВАЛИТЕТ НА СУДСТВОТО 25

1. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 25
2. ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО 26
3. ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ 27
4. НЕПРИСТРАСЕН СУДИЈА 29
5. МЕШАЊЕ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ 30
6. КОРУПЦИЈА 33
7. ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ 34

V. КВАЛИТЕТ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА 37

1. КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ 37
2. ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПОСТАПКА 38
3. РЕСУРСИ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА 39
4. ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ 40
5. ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИ 41
6. СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ 42
7. УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ 43
8. ЈАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ 43
9. СТАНДАРДИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ 44

VI. СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ 49

1. КОЛКУ ДОБРО СУДИИТЕ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА 49
2. КОЛКУ ДОБРО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА 50
3. КОЛКУ ДОБРО АДВОКАТИТЕ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА 51

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Анализата на задоволството на учесниците во судските постапки е дел од проектот и има цел да го измери задоволството на странките во судските постапки, како и ефектите од реформите на правосудството. Анализата се спроведуваше преку анкета на повеќе целни групи во две последователни години, во 2019 и 2020 година, со цел да се измери колку странките кои учествуваат во споровите го зголемиле или го намалиле своето задоволство од работата на судовите и функционирањето на правосудниот систем.

Предмет на истражување се довербата во правосудните институции, ефикасноста, односот на учесниците во судските постапки, стручноста и професионалноста на судиите и јавните обвинители и квалитетот на судската постапка. Испитаниците исто така ги оценуваа и ефектите од спроведување на реформите во правосудството, предвидени во Стратегијата за реформи во правосудството за периодот 2017-2022 година.

Од анкетата може да се заклучи дека реформата дава резултати и на сите полиња се забележени подобрувања. Мислењето на судиите и јавните обвинители е слично и дека е подобрен квалитетот, побрзо се решаваат споровите, се работи поефикасно и стручноста и професионалноста на сите вклучени во постапките е унапредена, а подобрени се условите за работа и ресурсите со кои располагаат судовите и јавните обвинителства, вклучително и менаџирањето со буџетот, стратешкото планирање и креирањето политики. Исто така, подобрен е и системот на избор, именување и унапредување на судиите и јавните обвинители. За разлика од нив, адвокатите имаат малку поинакво мислење и, генерално, тие сметаат дека нема големи промени во анализираните области, дека има подобрувања, но има и влошување на состојбите.

Согласно наодите од анкетата, се препорачува да се продолжи со имплементација на реформите во сите сегменти.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за мерење на задоволството на корисниците на судовите се спроведуваше преку анкета на повеќе целни групи во текот на 2019 и 2020 година. Анкетирањето се вршеше теренски, лице во лице, а го спроведуваа анкетари кои беа инструирани да се обидат да го анкетираат секое трето лице кое влегува или излегува од судот. Со цел анкетата да се спроведе согласно упатствата и да се добијат релевантни податоци, се вршеше надзор над работењето на анкетарите од страна на четворица супервизори. Притоа се внимаваше анкетарите да ги пополнуваат прашалниците врз основа на интеракција со испитаниците, како и да даваат точни и прецизни насоки на испитаниците.

Со цел да се добие сеопфатност на перцепцијата на задоволството од судовите, со анкетата беа опфатени повеќе целни групи: граѓани (тужени, обвинети, оштетени лица, жртви и др.), судии, судски службеници, јавни обвинители, адвокати и судски вештаци. При анкетирањето беа опфатени основните судови избрани врз основа на бројот предмети во 2018 година и постоење седиште на апелациско подрачје и/или правни студии во градот:[1]

- Основниот кривичен суд во Скопје;
- Основниот граѓански суд во Скопје;
- Основниот суд во Битола;
- Основниот суд во Гостивар; и
- Основниот суд во Штип.

Во овој извештај се прикажани резултатите од анкетата со граѓани кои се спорат во опфатените судови и со правните професионалци (судии, судски службеници, адвокати и обвинители), која беше спроведена во текот на 2020 година. Извештајот исто така содржи и споредбена анализа на податоците добиени од двете анкети спроведени во текот на 2019 и 2020 година, како и разликите во перцепцијата на испитаниците од сите целни групи во однос на подобрување на состојбите во судството.

Појдовна точка при дизајнирањето на примерокот беше бројот на предмети во 2018 година во судовите, при што на секои 600 предмети во опфатените судови беше утврдена потреба да се анкетира еден испитаник. Кај судиите беа опфатени 20% од судиите во таргетираните судови, како и 5% од адвокатите на територијата на судовите.

Првично беше планирано да бидат анкетирани вкупно 365 граѓани кои се спорат, 36 судии, 71 судски службеник, 30 јавни обвинители и 92 адвокати. Во двете години на спроведување на анкетата направени се мали отстапувања во бројот на испитаници, при што во 2019 година опфатен е поголем број испитаници кај сите целни групи, освен кај јавните обвинители, додека во 2020 година опфатен е помал број испитаници граѓани, судии, а поголем број адвокати и судски службеници.

| БРОЈ НА ИСПИТАНИЦИ | | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 1 | ГРАЃАНИ | 415 | 333 |
| 2 | СУДИИ | 41 | 33 |
| 3 | ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ | 29 | 29 |
| 4 | АДВОКАТИ | 94 | 98 |
| 5 | СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ | 73 | 83 |

1 Постоењето на правни студии во градот беше земено предвид поради намерата на проектот да изгради култура во правосудството насочена кон квалитетот и кон корисниците.

Притоа, се водеше сметка да бидат рамномерно застапени испитаници по пол, возраст, образование и национална припадност. Од испитаниците, 56,7% се мажи, а преостанатите жени.

Речиси две третини од испитаниците се од Скопје (59%), потоа следуваат Гостивар (18%), Битола (13%) и Штип (10%). Оваа распределба соодветствува на бројот на предмети во секој од опфатените основни судови.

ГРАФИКОН 1: ИСПИТАНИЦИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈА




Најголем број од испитаниците (34%) се на возраст помеѓу 19 и 35 години, потоа се испитаниците се возраст помеѓу 46 и 64 години (32%) и помеѓу 36 и 45 години (28%). Најмал број испитаници (6%) се на возраст од 65 и повеќе години.

ГРАФИКОН 2: ИСПИТАНИЦИ СПОРЕД ВОЗРАСТ




Според степенот на образование, најголем дел од испитаниците (51%) имаат завршено средно образование, 19% имаат вишо или високо образование, 27% се со завршено основно образование и само 3% од испитаниците имаат титула магистер/доктор.

ГРАФИКОН 3: ИСПИТАНИЦИ СПОРЕД СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ




Според националноста, 54% од испитаниците се Македонци, 31% се Албанци и 15% се од друга националност.

ГРАФИКОН 4: ИСПИТАНИЦИ СПОРЕД НАЦИОНАЛНОСТ




Во поглед на тоа по која основа граѓаните дошле во судот, најголем дел од нив (49%) се граѓани кои се тужени, односно обвинети, околу третина (31%) од нив се граѓани кои тужат, 8% се оштетени лица или жртви, а другите припаѓаат на други категории.

ГРАФИКОН 5: СВОЈСТВО НА ИСПИТАНИКОТ




Најголем број од испитаните граѓани (52%) дошле во судот заради граѓанска постапка, помалку од третина (27%) заради кривична постапка, а 21% од испитаниците дошле заради прекршочна постапка.

ГРАФИКОН 6: ИСПИТАНИЦИ СПОРЕД ВИД НА ПОСТАПКА




Споредено со претходната година, зголемен е бројот на испитаници кои во судот дошле заради прекршочна постапка, за сметка на граѓанската и кривичната потапка, што можеби е резултат и на зголемените прекршочни пријави во време на пандемијата со корона.

# I. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

## 1. РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Реформите во правосудството се спроведуваат веќе неколку години, од усвојувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот систем во 2017-2022 година и на испитаниците судии, јавни обвинители и адвокати им беа поставени неколку прашања за тоа колку тие се информирани за стратегијата и како ги оценуваат резултатите од неа.

Од анкетата произлегува дека судиите се најмалку информирани за реформите во правосудството. Од нив, само 38,8% одговориле дека претежно и многу се информирани за стратегијата, додека 67% од јавните обвинители се изјасниле дека претежно (46,4%) и многу се информирани, а најинформирани се адвокатите, од кои 66,3% се претежно (61,2%) и многу се информирани.

ГРАФИКОН 7: ИНФОРМИРАНОСТ ЗА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО




Анкетираните судии, јавни обвинители и адвокати кои одговориле со „многу сум информиран“ и „претежно сум информиран“ ги оцениле промените што настанале во правосудството како резултат на спроведувањето на реформите. Притоа, најмногу е подобрена работата на судовите, нешто помалку е подобрена работата на јавните обвинителства, додека најголем дел од испитаниците сметаат дека работата на Академијата на судии и јавни обвинители не е променета.

Работата на судовите како „подобрена“ и „многу подобрена“ ја оцениле 83,3% од судиите, 61,1% од јавните обвинители и 76,5% од адвокатите. Помал дел од нив сметаат дека нема промени, а само мал дел од судиите и адвокатите сметаат дека е многу влошена.

ГРАФИКОН 8: РАБОТА НА СУДОВИТЕ



Работата на јавното обвинителство, исто како и работата на судовите, е оценета како подобрена од страна на 54,5% од судиите, 55,6% од јавните обвинители и 33% од адвокатите.

### ГРАФИКОН 9: РАБОТА НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО




Работата на Академијата за судии и јавни обвинители е оценета како непроменета од најголем дел од испитаниците, за што се изјасниле 50% од судиите, 44,4% од јавните обвинители и 43,1% од адвокатите.

### ГРАФИКОН 10: РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ




Критериумите и постапката за оценување на судиите е оценета како непроменета, и тоа од страна на 50% од судиите, 41,2% од адвокатите и 42,4% од јавните обвинители. 8,3% од судиите сметаат дека критериумите многу се влошени.

### ГРАФИКОН 11: КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИТЕ



Најголем број судии (35%) сметаат дека непристрасноста на правосудните институции многу е подобрена, а 25% од нив дека е подобрена. За разлика од нив, јавните обвинители (38,9%) оцениле дека непристрасноста е подобрена, а 33,3% дека не е променета. Најголем број (49,2%) адвокати сметаат дека состојбата не е променета.

### ГРАФИКОН 12: НЕПРИСТРАСНОСТ НА ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ




Најголем број од јавните обвинители (55,6%) сметаат дека квалитетот на правдата е подобрен, 16,7% од нив мислат дека нема промени, додека 16,6% не одговориле, односно не знаат дали има промени. Најмногу судии (41,7%) сметаат дека квалитетот на правдата е подобрен, а 25% како многу подобрен. За разлика од судиите и јавните обвинители, најголем дел (49,2%) се изјасниле дека квалитетот на правдата останал непроменет.

### ГРАФИКОН 13: КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА




Од одговорите на испитаниците се гледа дека тие имаат поделени мислења дека ефикасноста е подобрена (44% од јавните обвинители, 25% судии и 20% адвокати) и дека таа не е променета (47,7% од адвокатите, 27,8% од јавните обвинители и 25% од судиите).

## ГРАФИКОН 14: ЕФИКАСНОСТ




Најголем број од испитаните судии (33,3%) сметаат дека транспарентноста е подобрена и ист број од нив дека е многу подобрена. Јавните обвинители (44,4%) се изјасниле дека транспарентноста е подобрена, 22,2% дека нема промени, а 16,7% дека многу е подобрена. Најголем број од адвокатите (49,2%) мислат дека нема промени во транспарентноста, а 24,6% дека е подобрена.

## ГРАФИКОН 15: ТРАНСПАРЕНТНОСТ




Способноста за стратешко планирање и креирањето политики во секторот е подобрена според 59% од судиите, 27,8% од обвинителите и 21,5% од адвокатите. Сепак, висок е и бројот на испитаници кои сметаат дека на ова поле нема промени.

## ГРАФИКОН 16: СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО СЕКТОРОТ



Во поглед на состојбите во правните области, најмногу е подобрена состојбата во кривично-правната област, за што се изјасниле најголем дел од испитаните судии (41,7%) и обвинители (38,9%), за разлика од адвокатите (49,2%) кои сметаат дека нема промени.

ГРАФИКОН 17: КРИВИЧНО-ПРАВНА ОБЛАСТ




Најголем дел од испитаниците одговориле дела нема промени во граѓанско-правната област (49,2% од адвокатите, 36,4% од судиите и 31,3% од јавните обвинители). Интересно е дека 31,3% од јавните обвинители не одговориле на ова прашање, а 12,5% се изјасниле дека не знаат.

ГРАФИКОН 18: ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОБЛАСТ




Испитаниците сметаат дека кај прекршочно-правната област има најмногу подобрување, за што се изјасниле 50% од судиите и од јавните обвинители, додека најголем дел од адвокатите сметаат дека нема промени во оваа област.

ГРАФИКОН 19: ПРЕКРШОЧНО-ПРАВНА ОБЛАСТ




## ЗАКЛУЧОЦИ

Во поглед на реформите испитаниците сметаат дека има подобрување, и тоа во сите сегменти, односно области на истражување. Мислењето на судиите и на јавните обвинители е слично и одговорите на сите прашања најмногу ги одразуваат нивните перцепции за поголеми подобрувања во сите сегменти. Мислењето на адвокатите е малку поразлично од тоа на судиите и јавните обвинители и тие се поумерени во одговорите, односно најголем дел од нив на сите прашања одговориле дека состојбите не се променети или дека се подобрени. Дел од адвокатите сметаат дека состојбите се влошени.

# II. ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Анализата за довербата на граѓаните во судството и правосудните институции покажува дека тие имаат најголема доверба во адвокатите, потоа во судовите, помала е довербата во судските вештаци, а најмала доверба искажале кон јавното обвинителство.

Во однос на судовите, анкетата покажува дека 48,3% од испитаниците имаат доверба во судовите (35,2% претежно имаат доверба, а 13,1% имаат доверба), 43,3% сè уште покажуваат недоверба во судовите (19,8% немаат доверба, а 23,5% претежно немаат доверба), а околу 8% не знаат, односно немаат одговор.

Довербата на граѓаните во јавното обвинителство е слична како и довербата кај судовите. Од испитаниците, 36,9% се изјасниле дека имаат нарушена доверба во јавното обвинителство (19,5% немаат доверба, а 17,4% претежно немаат доверба), 33,2% од нив релативно имаат доверба (24,8% претежно имаат, а 8,4% имаат доверба) и високи 29% не знаат или немаат одговор.

Анкетата покажува дека граѓаните најголема доверба имаат во адвокатите и 64,4% се изјасниле дека имаат и претежно имаат доверба во нив, а 24% дека немаат или претежно немаат доверба.

Довербата во судските вештаци е поделена помеѓу имам и претежно имам доверба (38%), не знам (34,3%) и немам или претежно немам доверба (27,6%).

ГРАФИКОН 20: ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ




Факторите што влијаат врз намалување на довербата кај секоја од институциите се многубројни, но како најголеми испитаниците ги наведуваат сомневањата за корупција и политичко влијание.

Довербата на граѓаните во судството во 2021 година е зголемена во однос на 2020 година. Довербата на граѓаните најмногу е зголемена во судовите (за 12,4%), потоа во јавното обвинителство (за 7,2%), во малку помал обем е зголемена и довербата во адвокатите (за 5,6%), додека довербата во судските вештаци е намалена за 13,5%.

ГРАФИКОН 21: ДВИЖЕЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ДОВЕРБА ВО СУДСТВОТО




Ако во 2020 година 54% од испитаниците се изјасниле дека немаат или претежно немаат доверба во судовите, во 2021 година тој процент е намален и изнесува 48%. За сметка на тоа, зголемен е процентот на граѓани од 43% на 48% кои сметаат дека имаат или претежно имаат доверба во судовите. Истовремено е зголемен и процентот на граѓани кои не се сигурни за перцепцијата на доверба во судовите.

Слична е состојбата и на искажаната доверба во јавното обвинителство, при што значително е намален е бројот на граѓани кои немаат доверба во обвинителството од 52% до 2020 г. на 37% во 2021 година, за сметка на зголемениот број граѓани кои не се сигурни во довербата кон јавното обвинителство (од 17% во 2020 г. на 30% во 2021 г.). Бројот на граѓани кои се изјасниле дека имаат доверба е зголемен од 31% на 33%.

Како и претходната година, и во 2021 година граѓаните искажале најголема доверба кон адвокатите, но за разлика од претходно, зголемен е бројот на граѓани кои не знаат дали имаат или немаат доверба во адвокатите.

Најголем пораст на недоверба граѓаните искажале кон судските вештаци, и тоа од 28% во 2020 г. на 36% во 2021 година, односно од 44% од испитаниците кои искажале доверба во обвинителството, во 2021 година тој процент изнесува 38%. И кај нив исто така е зголемен процентот на испитаници кои не се сигурни во тоа дали веруваат или не веруваат во јавното обвинителство.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Од одговорите може да се заклучи дека бројот на граѓани кои немаат или значително немаат доверба во судовите и јавните обвинителства сè уште е висок, додека довербата на граѓаните во адвокатите е поголема од довербата во судиите и јавните обвинители, а довербата во вештаците се намалува.

# III. ЕФИКАСНОСТ

Судиите, јавните обвинители и адвокатите ја оценуваа ефикасноста на судиите, јавните обвинители, службениците во судовите и јавните обвинителства, адвокатите и вештаците со оценки од 1 до 5, каде што 1 означува многу лоша, а 5 многу добра, при што одговорите се прикажани во следните графикони.

Најголем дел од судиите (81,3%) за себе сметаат дека се многу ефикасни и се оцениле со оценки 4 и 5, од нив 9,1% сметаат дека се средно ефикасни (оценка 3), а остатокот дека се помалку ефикасни. За тоа дека обвинителите се многу ефикасни се изјасниле 73,9% од испитаните судии, 13% од нив сметаат дека се средно ефикасни, а ниту еден судија не ја оценил ефикасноста со оценки 1 и 2. Мислењето на судиите за своите соработници е дека тие се многу ефикасни (4 и 5), за што се изјасниле 56,7% од нив, а 26,7% од судиите соработниците ги оцениле со оценка 3, како средно ефикасни. Ефикасноста на соработниците во јавните обвинителства судиите ја оцениле како најниска во споредба со другите целни групи и само 40% од нив им ги оцениле (4 и 5) како многу ефикасни, додека дури 36% од нив сметаат дека соработниците во јавните обвинителства се неефикасни и ги оцениле со оценка 2. Мислењето на судиите за ефикасноста на адвокатите е високо, па 61,3% од нив ги оцениле со оценки 4 и 5, а 25,8% сметаат дека се средно ефикасни (3). За висока ефикасност на судските вештаци се изјасниле 61,3% од судиите, а 22,6% од нив сметаат дека се средно ефикасни.

ГРАФИКОН 22: ЕФИКАСНОСТА ОЦЕНЕТА ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ




Јавните обвинители за сите целни групи сметаат дека се високоефикасни, но 82,8% од нив си дале највисоки оценки за ефикасност (4 и 5), 72,4% од нив со исти оценки ги оцениле судиите, а околу 62% од јавните обвинители се изјасниле дека службениците во обвинителствата и судовите се многу ефикасни, а слично ги оцениле и адвокатите и судските вештаци.

## ГРАФИКОН 23: ЕФИКАСНОСТА ОЦЕНЕТА ОД СТРАНА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ




За разлика од судиите и јавните обвинители, адвокатите сметаат дека ефикасноста на судството е на пониско ниво, иако поголем број од нив (3% до 6%) не одговориле или одговориле со „не знам". Најслаби оценки адвокатите дале на судиите, па 28,1% од нив сметаат дека судиите и јавните обвинители се многу неефикасни (оценки 1 и 2), со тоа што судиите се помалку неефикасни од јавните обвинители. Голем број од адвокатите сметаат дека службениците во судовите и јавните обвинителства се многу неефикасни (32,1% за судските и 29,2% за службениците во обвинителствата) и ги оцениле со најслаби оценки (1 и 2). Адвокатите сметаат дека поефикасни се судските вештаци, за што се изјасниле 44% од нив (оценки 4 и 5) и секако највисоки оценки си дале за себе и 56,3% од нив за себе сметаат дека се многу ефикасни, а 28,15% дека се средно ефикасни.

## ГРАФИКОН 24: ЕФИКАСНОСТА ОЦЕНЕТА ОД СТРАНА НА АДВОКАТИТЕ




Времетраењето на постапките во судовите значително е скратено и најголем дел од нив завршуваат во рок до една година, за што се искажале 51% од анкетираните граѓани, 34% од нив одговориле дека постапките траеле помеѓу една и три години, додека кај 12% од испитаниците постапките биле со времетраење помеѓу три и седум години.

Одговорите на граѓаните во врска со времетраењето на постапките се слични во двете години (2021 и 2020 година), односно нивното мислење не е променето значително, што веројатно се должи на релативно краткиот период помеѓу анкетите (две последователни години), за да се забележат позначителни промени.

ГРАФИКОН 25: ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА




Како главни причини за незадоволството од времетраењето на постапката меѓу оние граѓани кои изразиле незадоволство се честите одложувања на рочиштата (37,6%), долгите временски периоди меѓу закажаните рочишта (31,9%) и според нив непотребно големиот број на закажани рочишта (24,1%). За другите причини се изјасниле помал дел од испитаниците, како враќање на предметот на повторно одлучување во основниот суд (3,5%) и промена на судијата во текот на постапката (2,8%).

ГРАФИКОН 26: ПРИЧИНИ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПОСТАПКАТА




Според одговорите на граѓаните, незадоволството од времетраењето на постапките во 2021 година, споредено со 2020 година, повеќе се однесува на долгите временски период помеѓу рочиштата, отколку од честото одложување на рочиштата за време на постапката.

ГРАФИКОН 27: ДВИЖЕЊЕ НА ПРИЧИНИ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПОСТАПКАТА




Од анкетата се согледува дека одговорите на граѓаните, адвокатите и јавните обвинители се слични во поглед на бројот на одложени рочишта и според двете целни групи испитаници имаат одложени едно до две рочишта. Голем дел од граѓаните (33,7%) се изјасниле дека немаат одложени рочишта, додека најголем дел од адвокатите имаат до две одложени рочишта, но не е мал и бројот на адвокати кои имаат одложено од три до пет рочишта.

Повеќе од пет одложени рочишта имале 12,8% од испитаните граѓани, 23,3% и 13,2% од адвокатите. Од три до пет одложени рочишта имале 23,3%, а 29,1% имале одложено од едно до две рочишта во текот на постапката. Најголем дел од испитаниците (33,7%) се изјасниле дека немаат одложено ниту едно рочиште.

## ГРАФИКОН 28: БРОЈ НА РОЧИШТА ШТО БИЛЕ ОДЛОЖЕНИ




ОД 29 јавни обвинители кои биле испитани, на ова прашање одговориле само двајца, од кои еден одговорил дека нема одложување на рочиштата, еден одговорил со „не знам", а 27 од нив не дале одговор.

За разлика од нив, судиите одговарале на поинаку формулирано прашање: „Колку се согласувате дека судовите ги завршуваат постапките без непотребно одложување?" и 84,4% од нив одговориле дека целосно (56,3%) и делумно (28%) се согласуваат дека судските постапки завршуваат без непотребно одложување.

## ГРАФИКОН 29: ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКИ БЕЗ НЕПОТРЕБНО ОДЛОЖУВАЊЕ




Состојбата со одложување на рочиштата е подобрена во 2021 г. во однос на 2020 година, односно намален е бројот на одложување на рочиштата во судските постапки. Така, ако во 2020 година најголем дел од испитаниците (66%) сметале дека во текот на постапката имало одложување на три до пет рочишта, во 2021 година само 23% од нив се изјасниле за тоа.

## ГРАФИКОН 30: ДВИЖЕЊЕ НА ОДЛОЖЕНИ РОЧИШТА




Граѓаните сметаат дека најчести причини[2] поради кои се одложуваат едно до две рочишта во текот на постапката се предизвикани од страна на судот (64,3%), непојавување на сведоците на рочиштата (60,4%), заради адвокатите (25%), заради судските вештаци (15%), неспроведување на сведоци (10%) и 41,9% од други причини.

2 Дозволени се повеќе одговори.

Одложувањето на три до пет рочишта во текот на постапката најчесто се предизвикани од страна на судот (5,4%), од страна на сведоците (4,5%) и од други причини (6,1%).

## ГРАФИКОН 31: ПРИЧИНИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ СПОРЕД ГРАЃАНИТЕ




Доколку се направи споредба на одговорите на граѓаните за причините поради кои најчесто се одложуваат рочиштата дадени во 2021 и 2020 година, може да се види дека според нивното мислење, во 2021 година намален е бројот на одложени рочишта предизвикани од судот, а зголемен е бројот на одложени рочишта заради адвокатите. Ова укажува дека судот во 2021 година бил поажурен во однос на 2020 година, за разлика од адвокатите, кои сè повеќе се причина за одложување на рочиштата.

## ГРАФИКОН 32: ДВИЖЕЊЕ НА ПРИЧИНИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ




Најчести причини за одложување на рочиштата според адвокатите и јавните обвинители се опструкции од странките во постапката (47%) и неспроведување на притворени лица (37%), и. Понекогаш недостаток претставуваат честото враќање на предметите на повторно судење (52%), промена на судијата во текот на постапката (43%), ненамерни грешки од странките во постапката (38%)слаб квалитет на обвинението (36%), опструкции од странките во постапката (35%), и слабости во законите (34%). Ретко и никогаш причина претставуваат (односно не претставуваат) недостаток на ресурси и грешки на персоналот во судовите (по 60%), ненамерни грешки (58%) и слаб квалитет 45%.

## ГРАФИКОН 33: ПРИЧИНИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА РОЧИШТАТА




Што се однесува до висината на трошоците за постапката, 39% од испитаниците потрошиле помеѓу 101 и 500 евра, 29% од нив потрошиле 100 евра, 16% постапката ги чинела помеѓу 501 и 1000 евра, 11% не знаат колку платиле за постапката, а 3% од нив не одговориле.

## ГРАФИКОН 34: ТРОШОЦИ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА




Мислењето на граѓаните за висината на трошоците на судските постапки во двете анализирани години е речиси иста, со тоа што испитаниците се изјасниле дека во 2021 година зголемен е бројот на постапки со пониски трошоци, за разлика од 2020 година.

## ГРАФИКОН 35: ДВИЖЕЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА



Најголем дел од испитаниците (59,7%) сметаат дека трошоците за постапката се високи, 34,4% сметаат дека се прифатливи, а само 1,6% дека се ниски.

ГРАФИКОН 36: ПРИФАТЛИВОСТ НА ТРОШОЦИТЕ




Мислењето за прифатливоста на судските трошоци е исто како и мислењето за висината на судските трошоци, со тоа што во 2020 година 70% од испитаниците рекле дека судските трошоци се високи, а во 2021 година 59% од нив го имаат тоа мислење. Исто така, во 2021 година пораснал и бројот на граѓани кои сметаат дека судските трошоци се прифатливи, споредено со 2020 година.

ГРАФИКОН 37: ПРИФАТЛИВОСТ НА СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ




Капацитетот за ефикасно буџетирање на судството беше оценето од страна на испитаните судии, јавни обвинители и адвокати. Доколку се сумира мислењето од сите целни групи, најголем дел од нив (30,6%) ја оцениле ефикасноста на буџетирањето на судовите со средна оценка, односно добро. Притоа, за таквото мислење најмногу придонесуваат судиите (51,6%) и судските службеници (36,1%), а со оценка „многу добро" оцениле 19,4% од испитаниците, за што најзаслужни се мислењата на адвокатите (28,6%), судските службеници (13,3%), јавните обвинители (12%) и судиите (9,7%).

Ефикасноста на буџетирањето на судовите 67,7% од судиите и 47,7% од судските службеници ја оцениле како добра до одлична. Оценката на адвокатите е иста како и оценката на судиите, додека 32% од јавните обвинители го делат тоа мислење.

ГРАФИКОН 38: ЕФИКАСНОСТ НА БУЏЕТИРАЊЕ НА СУДОВИТЕ – ЗБИРНО МИСЛЕЊЕ



Со оценка „лошо и многу лошо“ ефикасноста на буџетирањето на судовите најмногу е оцената од страна на судските службеници (33,7%) и судиите (32,3%), а малку подобро е оценета од страна на јавните обвинители (20%) и на адвокатите (19,4%).

ГРАФИКОН 39: ЕФИКАСНОСТ НА БУЏЕТИРАЊЕ НА СУДОВИТЕ – ПОЕДИНЕЧНО МИСЛЕЊЕ




Капацитетот за ефикасно буџетирање на јавното обвинителство беше оценет од страна на јавните обвинители и адвокатите. Половина од испитаниците (50,5%) одговориле со „немам одговор“, за што најмногу придонесуваат одговорите на адвокатите кои со 63,3% го дале тој одговор. Преостанатите одговори (23,6%) се однесуваат на добро до одлично буџетирање на јавното обвинителство и 25,5% од испитаниците сметаат дека лошо и многу лошо се управува со буџетот на јавното обвинителство.

ГРАФИКОН 40: ЕФИКАСНОСТ НА БУЏЕТИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА – ЗБИРНО МИСЛЕЊЕ




Речиси две третини од јавните обвинители (68%) капацитетот за ефикасно буџетирање со јавните обвинителства го оцениле како лош и многу лош, 16% од нив сметаат дека капацитетот е добар и исто толку дека е многу добар и одличен.

За разлика од нив, адвокатите не се запознаени со капацитетот на јавните обвинителства за ефикасно буџетирање, што може да се види од следниот графикон.

ГРАФИКОН 41: ЕФИКАСНОСТ НА БУЏЕТИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА – ПОЕДИНЕЧНО МИСЛЕЊЕ




## ЗАКЛУЧОЦИ

Од анализата на прашалниците за ефикасност може да се заклучи дека испитаниците покажале пристрасност во оценувањето, пред сè поради тоа што најдобро се оцениле себеси и колегите. Поголема објективност се забележува кај адвокатите. Но, и покрај необјективноста, очигледно е дека ефикасноста на судството не е висока и може да се оцени како средно ефикасна.

# IV. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, НЕПРИСТРАСНОСТ, ЕТИКА И КВАЛИТЕТ НА СУДСТВОТО

## 1. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Квалитетно и непристрасно судство може да се измери преку односот кон странките во судските постапки. На прашањето „До кој степен се согласувате дека судиите и судскиот персонал се однесуваат еднакво со луѓето независно од нивните примања, национално или социјално потекло, пол или религија", граѓаните, адвокатите, обвинителите и судиите одговориле различно, согласно перцепцијата на секоја од групите испитаници.

Во следните графикони даден е приказ за мислењето на секоја од групите за односот на судиите и судскиот персонал кон странките. Очигледна е разликата на перцепцијата на секоја од групите, прикажана на скалата од 1 до 4, каде што 1 е „воопшто не се согласувам", 2 – „не се согласувам", 3 – „се согласувам", до 4 „целосно се согласувам" со изјавата.

Одговорите на граѓаните и адвокатите се разликуваат од тие на судиите и јавните обвинители. Најмногу одговори „целосно се согласувам" дека судиите и судскиот персонал се однесуваат еднакво со луѓето дале судиите и јавните обвинители, додека граѓаните и адвокатите имаат поразлично мислење за тоа.

Дека судиите се однесуваат еднакво (оценка 4 и 5) кон странките во судот сметаат 52,0% од адвокатите, 59,8% од испитаните граѓани, 81,8% од судиите и 89,7% од јавните обвинители, а слични се и оценките за судските службеници, за кои дека се однесувале еднакво со странките независно од нивните примања, потекло, пол и религија се изјасниле 48% од адвокатите, 62% од испитаните граѓани, 73,3% од судиите и 79,3% од јавните обвинители.

ГРАФИКОН 42: ЕДНАКВО ОДНЕСУВАЊЕ СО ЛУЃЕТО НЕЗАВИСНО ОД НИВНИТЕ ПРИМАЊА, ПОТЕКЛО, ПОЛ И РЕЛИГИЈА




Мислењата на граѓаните и адвокатите се слични за тоа како судиите и судскиот персонал се однесуваат еднакво кон странките независно од нивните примања, потекло, пол и религија и нивните оценки се пониски, односно сè уште е голем процентот на граѓани (39%) и адвокати (31%) кои сметаат дека судиите не се однесуваат еднакво со странките.

За разлика од нив, перцепцијата на судиите е поинаква и само 9% од судиите за себе и 16,7% за судскиот персонал сметаат дека нееднакво се однесуваат кон странките. Слично е мислењето и на јавните обвинители, од кои 28% за судиите и 32% за судскиот персонал сметаат дека не се однесуваат еднакво кон странките.

Во следниот графикон даден е споредбен приказ на промената на мислењето на целните групи за еднакво однесување со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, односно колку тие се пристрасни или непристрасни во нивниот однос кон странките.

Перцепцијата на граѓаните е дека еднаквото однесување на судиите и на судскиот персонал кон странките е подобрено во 2021 во однос на 2020 година, за околу 3%, а нивното нееднакво однесување е подобрено за 5%, односно 11%. Судиите сметаат дека нивното еднакво однесување кон странките независно од нивните примања, потекло, пол и религија значително е подобрено (од 23% на 9%), за сметка на намалување на непристрасната за 7%. Истото го сметаат и за судскиот персонал.

ГРАФИКОН 43: ДВИЖЕЊЕ НА ЕДНАКВОТО ОДНЕСУВАЊЕ СО ЛУЃЕТО НЕЗАВИСНО ОД НИВНИТЕ ПРИМАЊА, ПОТЕКЛО, ПОЛ И РЕЛИГИЈА




За разлика од нив, перцепцијата на јавните обвинители и адвокатите е дека судиите во 2021 година станале повеќе пристрасни за 63% во однос на 2020 година, а истовремено за 41% е намалена нивната непристрасност во смисла на еднаквото однесување со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија. Тие имаат слично мислење и за судскиот персонал.

## 2. ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

Уште еден показател за недискриминаторски однос во судството е и односот на судиите, обвинителите и другите вклучени во судската постапка кон жените во постапките за жртвите на сексуално и друго родово насилство. Во тој поглед, две третини од анкетираните граѓани се изјасниле дека жените во овие постапки биле третирани фер.

Анкетираните граѓани имаат поделено мислење за начинот на третирање на жените жртви на сексуално и друго родово насилство. Околу третина од анкетираните одговориле дека не се согласуваат и воопшто не се согласуваат дека жените жртви се третирани фер во текот на судските постапки, околу третина делумно се согласуваат со изјавата, а третина целосно се согласуваат. Тоа значи дека две третини од анкетираните сметаат дека жените се третирани фер, додека третина смета дека не се третирани фер.

Слично мислење имаат и анкетираните адвокати и јавни обвинители, од кои 72% сметаат дека жените жртви на насилство се третирани фер во текот на постапките. Интересен е податокот што дури 67% од анкетираните адвокати не се изјасниле за ова прашање.

ГРАФИКОН 44: ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО И ДРУГО РОДОВО НАСИЛСТВО




Во следниот графикон даден е приказ на одговорите на двете целни групи во 2020 и 2021 година, од каде што се гледа дека во 2021 година перцепцијата на двете групи испитаници е дека третманот на жените жртви на насилство е влошена. Имено, во 2021 година 62% од испитаните адвокати и јавни обвинители одговориле дека целосно се согласуваат со изјавата „жените жртви на насилство се фер третирани во постапките", во 2020 година само 36% од нив одговориле со истиот одговор. Истото е и кај граѓаните, кои процентот на тие што одговориле „целосно се согласувам со изјавата" паднал од 50% во 2020 г. на 33% во 2021 г.

ГРАФИКОН 45: ДВИЖЕЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА „ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО И ДРУГО РОДОВО НАСИЛСТВО"




Ова укажува дека перцепцијата на граѓаните, адвокатите и јавните обвинители е дека во 2021 година е влошен третманот на жени жртви на насилство во текот на постапките.

## 3. ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот е многу важна за испитаниците, бидејќи нарушувањето на ова право ги повредува основните човекови права.

Граѓаните сметаат дека почитувањето на презумпцијата на невиност е од исклучителна важност, но не се многу задоволни од судот, обвинителството и медиумите.

Во следниот графикон прикажана е важноста од почитување на презумпцијата на невиност. Според мислењето на граѓаните, 90% од нив сметаат дека најважно е како јавното обвинителство ја почитува презумпцијата на невиност, 85% од нив истото го сметаат за медиумите. Најинтересно е тоа што 67% од граѓаните сметаат дека е важно судот да ја почитува.

## ГРАФИКОН 46: ВАЖНОСТ ОД ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈАТА НА НЕВИНОСТ




Граѓаните во анкетата се изјасниле дека речиси еднакво се задоволни од тоа како се почитува презумпцијата на невиност од страна на судот, јавното обвинителство и медиумите. Тие ги оценуваа институциите со оценки на скала од 1 до 5, каде што 1 претставува најнезадоволни, а 5 најзадоволни. Сепак, граѓаните се најзадоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот, за што се изјасниле 50% од нив (оценето со оценки 4 и 5), малку помал дел од нив (42%) сметаат дека медиумите ја почитуваат презумпцијата на невиност, додека најмал дел од нив (39%) се задоволни од тоа како јавното обвинителство ја почитува презумпцијата на невиност.

## ГРАФИКОН 47: ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ




Во следниот графикон даден е приказ на промената на перцепцијата на граѓаните во однос на почитувањето на презумпцијата на невиност. Имено, граѓаните сметаат дека почитувањето на презумпцијата на невиност е подобрена во 2021 година во однос на 2020 година најмногу од страна на медиумите, а потоа и од страна на јавното обвинителство и судовите.

## ГРАФИКОН 48: ДВИЖЕЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА „ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ“

| | Од страна на судот | Од страна на јавното обвинителство | Од страна на медиумите |
|---|---|---|---|
| Најзадоволни | 13% | 14% | 25% |
| Задоволни | -4% | -5% | -3% |
| Делумно задоволни | 1% | 4% | 3% |
| Незадоволни | 5% | 2% | 0% |
| Најнезадоволни | -9% | -14% | -23% |
| Не знам | 4% | 22% | 19% |

## 4. НЕПРИСТРАСЕН СУДИЈА

Непристрасноста на судијата во текот на водењето на постапката е важен показател за квалитетот и независноста на судството. Повеќе од половина (62,6%) од анкетираните судии, јавни обвинители и адвокати кои одговориле на ова прашање се согласуваат дека судијата бил непристрасен, додека 34,6% не се согласуваат со ова и сметаат дека судијата бил пристрасен при водење на предметот. Збирното мислење на испитаниците за јавните обвинители е речиси исто како и за судите, односно 60,8% од нив сметаат дека јавните обвинители се непристрасни при обвиненијата, додека 36,1% не се.

ГРАФИКОН 49: НЕПРИСТРАСНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ – ЗБИРНО МИСЛЕЊЕ




Најдобро мислење за непристрасноста на судиите имаат јавните обвинители, кои во 89,7% се изјасниле дека судиите се непристрасни, околу 73% од судиите за себе сметаат дека се непристрасни, а најлошо мислење имаат адвокатите, од кои само 48% сметаат дека судиите се непристрасни.

Околу 69% од судиите сметаат дека обвинителите се непристрасни во текот на судските постапки, а околу 90% од јавните обвинители за себе сметаат дека се непристрасни, додека 52% од адвокатите го делат таквото мислење за јавните обвинители.

ГРАФИКОН 50: НЕПРИСТРАСНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ – ПОЕДИНЕЧНО МИСЛЕЊЕ




Непристрасноста на судиите во 2021 година е зголемена во однос на 2020 година, според мислењето на граѓаните. Тие за 20 процентни поени повеќе се изјасниле дека судиите се непристрасни во нивната работа.

ГРАФИКОН 51: ДВИЖЕЊЕ ВО МИСЛЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НЕПРИСТРАСНОСТА НА СУДИИТЕ




За разлика од нив, судиите, јавните обвинители и адвокатите сметаат дека и двете целни групи во 2020 година биле повеќе непристрасни во нивната работа, а во 2021 година состојбите значително се влошиле.

ГРАФИКОН 52: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕ НА СУДИИТЕ, АДВОКАТИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ЗА НИВНАТА НЕПРИСТРАСНОСТ




## 5. МЕШАЊЕ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ

Независноста на судството, мерена преку степенот на мешање на други лица при донесувањето на судските одлуки, покажува дека независноста на судството е особено голема. Анкетата покажа дека перцепцијата на анкетираните лица е дека мешањето при донесување на судски одлуки од страна на други лица не е големо.

Имено, 73,2% од анкетираните судии сметаат дека никогаш или ретко други лица им се мешаат при донесување на одлуките. Истото мислење го делат 47,7% од јавните обвинители и 44,4% од адвокатите. Судиите (9,6%) сметаат дека понекогаш има мешање при донесување на одлуките, за што се изјасниле и 12,3% од јавните обвинители и 21,7% од адвокатите. Со не знам и немам одговор на ова прашање одговориле 17,2% од судиите, 38,5% од јавните обвинители и 18% од адвокатите. Интересно е дека 1,5% од обвинителите и дури 15,9% од адвокатите сметаат дека мешањето при одлучувањето на судиите е честа појава.

### ГРАФИКОН 53: МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ – ЗБИРНО МИСЛЕЊЕ




Најчесто во судските одлуки се мешаат бизнис-секторот (60%), други судии (59%), извршната власт (59%) и јавните обвинители (57%), а потоа следуваат законодавната власт (53%) и претседателите на судовите (52%).

### ГРАФИКОН 54: КОЈ СЕ МЕША ВО СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




На судиите во донесување на одлуките најчесто им се мешаат извршната власт (46,7%), пратениците од Собранието (30%), претставниците на бизнис-секторот (33,3%) и граѓанските организации (20%). Притоа, по 15,6% од судиите одговориле дека други судии и бизнис-секторот понекогаш и 3,1% често им се меша во одлуките.

### ГРАФИКОН 55: МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ – МИСЛЕЊЕ НА СУДИИ



Јавните обвинители и адвокатите го делат истото мислење со судиите и во одговорите не се разликуваат многу. Од нив, 22% сметаат дека извршната власт е таа што најчесто се меша во донесување на судските одлуки, 21% од нив сметаат дека бизнис-секторот исто така често се меша, а 19% се изјасниле дека јавните обвинители се мешаат често. Сепак, најголем дел од јавните обвинители сметаат дека при донесување на судските одлуки нема многу мешање.

## ГРАФИКОН 56: МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ – МИСЛЕЊЕ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ И АДВОКАТИ




Перцепцијата на судиите, јавните обвинители и адвокатите за тоа кој се меша при донесување на судските одлуки нема поголеми промени во 2021 г. во однос на 2020 година. И во двете години, најчесто при донесување на судски одлуки се мешаат извршната и законодавната власт, судиите и бизнис-секторот.

## ГРАФИКОН 57: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

| | Судии | | | Јавни обвинители и адвокати | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | Промена | 2020 | 2021 | Промена |
| Претседател на суд | 7% | 13% | 6% | 33% | 36% | 3% |
| Други судии | 10% | 17% | 7% | 37% | 35% | -2% |
| Извршна власт | 27% | 47% | 20% | 67% | 46% | -21% |
| Пратеници во Собранието | 18% | 30% | 12% | 58% | 39% | -19% |
| Јавни обвинители | 11% | 7% | -4% | 40% | 30% | -10% |
| Бизнис-сектор | 24% | 33% | 9% | 32% | 38% | 6% |
| Граѓански организации | 17% | 20% | 3% | 13% | 12% | -1% |
| Претставници на други држави | 20% | 10% | -10% | 8% | 7% | -1% |
| Претставници на меѓународни организации | 20% | 3% | -17% | 6% | 7% | 1% |
| Други | 86% | 20% | -66% | 4% | 6% | 2% |

## 6. КОРУПЦИЈА

За мислење колку корупцијата е присутна во текот на судската постапка беа замолени граѓаните преку прашањата „За време на постапката, дали некој (адвокат, вработен во судот или обвинителството) сугерираше дека вашиот предмет ќе биде успешно решен доколку се понуди дополнително плаќање/ награда, подарок, се најдат врски...?“ и „Кој?“

Најголемиот дел од испитаните граѓани (80%) се изјаснија дека немало сугерирање за дополнително плаќање за решавање на предметот, додека 19% од испитаниците кажале дека постоело сугерирање за подарок/дополнително плаќање.

ГРАФИКОН 58: СУГЕРИРАЊЕ ЗА ПОДАРОК/ДОПОЛНИТЕЛНО ПЛАЌАЊЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СУДСКИОТ ПРЕДМЕТ




Кај оние испитаници на кои им било сугерирано дополнително плаќање, сугерирањето било од страна на пријател (33%), адвокат (31%), друго лице (8%), друг судски персонал (6%), вработен во јавното обвинителство (4%). Треба да се споменат и 18% од испитаниците кои не сакаа да одговорат на ова прашање.

ГРАФИКОН 59: КОЈ ГО СУГЕРИРАШЕ ТОА




Доколку се направи споредба на одговорите на граѓаните дадени во анкетите во 2021 и 2020 година, идентична е структурата на одговорите, односно 80% од нив и во двете години одговориле дека никој не им сугерирал за давање на подарок/дополнително плаќање за решавање на судскиот предмет.

Но, затоа во голема мера е променета структурата на тоа кој им сугерирал на граѓаните (19% од испитаниците) кои се изјасниле за тоа.

ГРАФИКОН 60: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА „КОЈ ГО СУГЕРИРАШЕ ТОА“



На горниот графикон јасно се гледаат промените. Ако во 2020 година најголем дел од граѓаните (39%) се изјасниле дека судиите најмногу сугерирале подарок, во 2021 г. тоа се пријатели (25%). Од споредбената анализа се гледа дека корупцијата кај судиите е значително намалена, од 39% во 2020 г., на 2% во 2021 година. Истовремено, корупцијата е значително зголемена кај адвокатите, за кои во 2020 година се изјасниле 3%, а во 2021 година 31%.

## 7. ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ

Судиите, јавните обвинители и адвокатите со анкетата ги оценуваа етичките квалитети на истите целни групи. Во следните графикони даден е приказ за мислењето на секоја од групите за етичките квалитети на секоја категорија со оценки на скалата од 1 до 5, каде што 1 е „многу лоши", а 5 – „многу добри".

Според испитаниците судии како најетични и со најголем интегритет ги оцениле судиите (89%) и јавните обвинители (52%), а потоа судските вештаци (42%) и адвокатите (32%).

За разлика од нив, јавните обвинители и адвокатите како најетични ги оцениле адвокатите (32%), потоа судските вештаци (28%), а како помалку етични јавните обвинители (26%) и судиите (24%). Од оценките може да се увиди дека секоја целна група себеси се смета како најетична, а другите како помалку етични. Секако, ова укажува на пристрасност во одговорите.

ГРАФИКОН 61: ОЦЕНКА НА ЕТИЧКИОТ КВАЛИТЕТ, МОРАЛНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ




Судиите ги оценуваа сите целни групи и 58% од нив највисока оценка 5 си дале себеси, односно тие себеси се сметаат како најетични и со најголем интегритет. Слично мислење (52%) имаат за јавните обвинители, а 32% со 5 ги оцениле етиката и интегритетот на адвокатите.

Јавните обвинители, слично како и судиите, како најетични и со најголем интегритет се сметаат себеси, за што се изјасниле 86% од нив, а 72% од нив со оценки 5 и 4 ги оцениле судиите, додека само 45% од нив сметаат дека адвокатите ги поседуваат овие квалитети.

## ГРАФИКОН 62: ОЦЕНКА НА ЕТИЧКИОТ КВАЛИТЕТ, МОРАЛНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ОЦЕНЕТ ОД:




Доколку се направи споредба на мислењето на двете целни групи испитаници за етичкиот квалитет и интегритетот на другите, се забележува следното:

- **Судиите за секоја категорија, вклучително и за себе, сметаат дека во 2021 година е зголемен етичкиот квалитет, моралниот и професионалниот интегритет.**
- **Јавните обвинители и адвокатите исто така сметаат дека етичкиот квалитет, моралниот и професионалниот интегритет е зголемен, но во помал обем.**

## ГРАФИКОН 63: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА ЕТИЧКИОТ КВАЛИТЕТ, МОРАЛНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ОЦЕНЕТ ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ

| Оценки | Судии | Јавни обвинители | Адвокати | Судски вештаци | Судии | Јавни обвинители | Адвокати | Судски вештаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0% | 0% | -2% | -12% | 8% | 9% | 7% | 9% |
| 2 | 1% | -11% | -4% | -7% | 8% | 4% | -4% | 7% |
| 3 | -9% | -5% | -11% | -6% | -1% | 1% | 10% | 8% |
| 4 | -28% | -37% | -18% | -18% | -16% | -14% | 2% | -12% |
| 5 | 29% | 37% | 27% | 37% | -2% | -5% | -13% | -12% |

## ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените одговори од анкетата за недискриминација, непристрасност, етика и квалитет на судиите, обвинителите и другите лица вклучени во судските постапки, може да се заклучи следното:

» Перцепцијата за односот на судиите и стручните соработници кон странките е задоволителна и повеќето од нив сметаат дека судиите и стручните соработници се однесуваат непристрасно кон странките без оглед на нивните примања, национално или социјално потекло.

» Односот кон жените жртви во постапките за сексуално и друго родово насилство е подобрен и две третини од испитаните граѓани се задоволни од односот.

» Презумпцијата на невиност во голема мера се почитува од страна на сите инволвирани речиси еднакво. За граѓаните поважно е презумпцијата на невиност да се почитува од страна на јавните обвинители и медиумите, отколку од страна на судиите.

» Околу пристрасноста на судиите и јавните обвинители мислењата се поделени и речиси еднаков број од анкетираните граѓани сметаат дека тие се пристрасни, односно непристрасни.

» Во однос на тоа кој колку се меша во донесување на судските одлуки, мислењата на адвокатите, обвинителите и тие на судиите и јавните обвинители се различни. Додека судиите сметаат дека најмногу им се мешаат извршната, законодавната власт и бизнис-секторот, јавните обвинители тоа го мислат за извршната и законодавната власт. Адвокатите сметаат дека во донесувањето на судските одлуки најмногу се меша извршната и законодавната власт, претседателите на судовите, судиите, јавните обвинители и бизнис-секторот...

» Најголем дел од судиите, адвокатите и обвинителите едни за други и за себе сметаат дека се високоетични и со голем интегритет.

# V. КВАЛИТЕТ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

## 1. КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ

Општата перцепција за тоа како се движел квалитетот на судската правда е еден од показателите за квалитет на правосудството. Во анкетата, перцепцијата за квалитетот на судската правда во последните три години на разните целни групи значително се разликува.

Впечатокот кај 55,6% од испитаните граѓани е дека квалитетот на правдата во последните три години е непроменет, 16,6% од испитаниците сметаат дека тој се влошил и 18,1% од испитаниците сметаат дека се подобрил.

За разлика од граѓаните, впечатокот за правдата кај судиите е различен и 40,6% од нив сметаат дека квалитетот на судската правда во последните три години е подобрен, исто толку сметаат дека не е променет, а 6,3% сметаат дека квалитетот на правдата е полош.

Најголем дел од јавните обвинители (55,6%) сметаат дека квалитетот е подобрен, 5,6% дека е многу подобрен, 16,7% дека не е променет, а 5,6% сметаат дека е многу влошен.

Адвокатите (42,8%) сметаат дека квалитетот на правда во последните три години не е променет, 23,1% сметаат дека е подобрен, 6,2% дека е многу подобрен, а 7,7% дека е многу влошен.

Судските службеници дале слични оценки како и судиите и 46,9% од нив сметаат дека квалитетот е подобрен, 9,4% дека е многу подобрен, 25% дека нема промени, а 9,4% дека е многу влошен.

ГРАФИКОН 64: КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ




Доколку се споредат одговорите на граѓаните и на судиите (за кои има податоци за двете години), се забележува дека поголем дел од граѓаните и судиите сметаат дека состојбите во 2021 година не се променети во однос на 2020 година.

ГРАФИКОН 65: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ




## 2. ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПОСТАПКА

На прашањето „Во колкава мерка се согласувате дека судиите и обвинителите генерално ги почитуваат правата на обвинетите или оштетените во предметите“ одговараат само граѓаните кои дошле на суд за кривична постапка.

Околу половина од испитаните граѓани (49%) не се согласуваат или воопшто не се согласуваат дека судиите и обвинителите ги почитувале правата на обвинетите или оштетените. Повеќе од половина од испитаниците (51%) целосно или делумно се согласуваат дека правата на обвинетите биле почитувани.

ГРАФИКОН 66: ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИТЕ ВО ПРЕДМЕТОТ




Граѓаните сметаат дека во основата нема поголеми промени во почитување на правата во постапка во 2021 година во однос на 2020 година. На прашањето со одговор „целосно не се согласувам“ одговориле ист број испитаници и во двете години. Со одговор „делумно се согласувам“ одговориле помал број испитаници (20%) во 2021 г. отколку во 2020 година (36%). Кај одговорот „не се согласувам“ состојбата е комплетно различна, односно во 2021 година бројот на граѓани е поголем (34%), отколку во 2020 година (20%).

ГРАФИКОН 67: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИТЕ ВО ПРЕДМЕТОТ



## 3. РЕСУРСИ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

За да можат судовите и јавните обвинителства да работат согласно правилата и методите утврдени во процесните закони потребно е да бидат обезбедени со оптимални ресурси (човечки, технички и материјални). Од досегашните извештаи и анализи, речиси во сите судови, а особено во јавните обвинителства во земјава има недостаток од стручен кадар, проблеми со простор, опрема за снимање, ИКТ-опрема и други материјали и опрема, а исто така недостигаат и материјални средства. Судскиот буџет е зависен од централниот буџет, а обвинителството нема сопствен буџет.

Во поглед на ресурсите со кои располагаат судовите, 48% од судиите делумно или целосно сметаат дека судовите располагаат со потребните ресурси, а 45% делумно или целосно сметаат дека судовите не располагаат со потребните ресурси.

Јавните обвинители и адвокатите (51%) сметаат дека судовите располагаат со ресурси, а 37% сметаат дека тие не располагаат со неопходните ресурси.

ГРАФИКОН 68: СУДОВИТЕ ИМААТ ДОВОЛНО РЕСУРСИ ДА ГИ ПОЧИТУВААТ ПРАВИЛАТА И МЕТОДИТЕ УТВРДЕНИ СО ПРОЦЕСНИТЕ ЗАКОНИ




Што се однесува до ресурсите на јавните обвинителства, 54% од јавните обвинители и адвокати целосно или делумно сметаат дека обвинителствата не располагаат со потребните ресурси, а 51% од нив делумно се согласуваат со тоа дека обвинителствата располагаат со ресурси.

Судиите (30%) сметаат (целосно и делумно) дека јавните обвинителства не располагаат со потребните ресурси, а 33% дека располагаат.

ГРАФИКОН 69: ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ИМААТ ДОВОЛНО РЕСУРСИ ДА ГИ ПОЧИТУВААТ ПРАВИЛАТА И МЕТОДИТЕ УТВРДЕНИ СО ПРОЦЕСНИТЕ ЗАКОНИ




Доколку се направи споредба на одговорите на судиите и јавните обвинители и адвокатите за тоа дали судовите и јавните обвинителства имаат доволно ресурси да ги почитуваат правилата и методите утврдени со процесните закони, се забележува дека сите испитаници (судии, јавни обвинители и адвокати) сметаат дека во 2021 година и судовите и јавните обвинителства имаат помалку ресурси на располагање за разлика од 2020 година.

ГРАФИКОН 70: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА РЕСУРСИТЕ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА




## 4. ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ

Достапноста на информации е исто така важен показател за квалитетот на работа на судовите и покажува колку добро се организирани судовите. Испитаните граѓани ја оценија важноста на повеќе аспекти на работата на судовите, како и своето задоволство од резултатите во тие аспекти од работата на судовите.

Во однос на информациите што судовите треба да им ги даваат на странките, испитаниците сметаат дека сите четири вида информации се со висока важност за нив: објавувањето датум, време и број на сала за судењето, информации за одложување на рочиштата, во која фаза е постапката на нивниот предмет, како и достапноста на документација на судот за предметот.

Околу 44% од испитаните граѓани се задоволни од дадената информација од страна на судот за датум, време и број на сала за судење по предметот, а околу 20% се незадоволни и 12% се неутрални. 51% се делумно или целосно задоволни од информацијата во која фаза е постапката по нивниот предмет, околу 25% се незадоволни и 10% не се ниту задоволни ниту незадоволни. Во однос на информација за одложување на рочиште, 50% од испитаниците се задоволни од добиената информација, 19% се незадоволни од неа и 23% не се ниту задоволни ниту незадоволни. 49% од испитаниците се задоволни од достапноста на документацијата на судот за нивниот предмет, додека 28% се незадоволни од достапноста, а 21% не се ниту задоволни ниту незадоволни.

ГРАФИКОН 71: ЗАДОВОЛСТВО ВО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ОСНОВНИОТ СУД ЗА ПРЕДМЕТОТ



При анализа на задоволството од добиените информации за предметот, граѓаните сметаат дека во 2021 година состојбите се речиси непроменети во однос на 2020 година, а сепак има мал напредок кон поголема информираност на граѓаните. Одговорите се определени на скала од 1 до 5, каде што 1 = најнезадоволни, а 5 = најзадоволни. Најголем напредок при информирање на граѓаните, судот има за информациите за одложени рочишта.

ГРАФИКОН 72: ДВИЖЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО ВО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ОСНОВНИОТ СУД ЗА ПРЕДМЕТОТ




## 5. ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИ

Можноста за презентирање на доказите е многу важна за сите странки во случајот и може многу да влијае врз релевантно донесување на судската одлука. Токму и поради тоа, сите испитаници се изјасниле дека можноста за презентирање на докази е многу важна за сите видови постапки. Но, анкетата покажува дека тие се помалку задоволни од дадената можност да ги презентираат доказите од адвокатите и обвинителите.

Околу 52% од испитаните граѓани се задоволни (оценка 5 и 4) од дадената можност пред судот да ги претстават своите докази, 20% се незадоволни, а 25% не се ниту задоволни, ниту незадоволни.

Околу 62% од јавните обвинители и адвокатите се задоволни и многу задоволни од можноста да се презентираат доказите во постапката, 24% од нив се средно задоволни, а 12% се многу незадоволни и незадоволни.

ГРАФИКОН 73: КОЛКУ СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД МОЖНОСТА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ




Граѓаните се изјасниле дека нема промени во можноста за презентирање на докази од страна на судот во двете анализирани години. Слично мислење изразиле и јавните обвинители и адвокатите, кои во 2020 година биле позадоволни за разлика од 2021 година.

ГРАФИКОН 74: ДВИЖЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО ОД МОЖНОСТА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ




## 6. СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ

Сослушувањето на сведоците е уште една алка од судската постапка што е показател за квалитетно судство и од страна на испитаните граѓани, адвокати и обвинители е оценето како многу важно.

Граѓаните (49%) и адвокатите (61%) се многу задоволни и задоволни од тоа како судијата ги испитувал сведоците во судот, а 29% од граѓаните и 12% од адвокатите се незадоволни и многу незадоволни од тоа.

За разлика од нив, 80% од јавните обвинители се многу задоволни и задоволни од можноста за презентирање на доказите, а само 3% се незадоволни.

ГРАФИКОН 75: СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ




Во поглед на сослушувањето на сведоците, состојбите во 2021 година се подобрени и според мислењето на граѓаните, јавните обвинители и адвокатите. Граѓаните се изјасниле дека се за 18 процентни поени повеќе позадоволни од можноста за сослушување на сведоците во судот во 2021 г. во однос на 2020 година, додека 8 процентни поени од јавните обвинители и адвокатите го изјавиле истото.

ГРАФИКОН 76: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА МОЖНОСТА ЗА СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ



## 7. УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ

Упатеноста на судијата во предметот претставува основа за добро и правично судење. Ова прашање им беше поставено само на граѓаните, кои беа замолени да ја искажат својата перцепција за упатеноста на судијата во предметот, од сопствено искуство.

Мнозинството испитани граѓани (58%) делумно или целосно се согласуваат дека судијата бил навлезен во деталите на конкретниот предмет, но висок е процентот на граѓани (37%) кои не согласуваат со ова.

ГРАФИКОН 77: УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ




Во 2021 година, според мислењето на граѓаните, судиите многу повеќе се упатени во предметот во однос на 2020 година.

ГРАФИКОН 78: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА УПАТЕНОСТА НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ




## 8. ЈАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ

Колку судската одлука е концизно и јасно напишана е еден од показателите за тоа колку е висока компетентноста, односно стручноста и елоквентноста на судијата. Судската одлука мора да ги задоволува основните стандарди за содржината, но треба да биде јасна и разбирлива, како за стручните лица, така и за граѓаните во постапките.

Граѓаните ја оценуваа јасноста на судската одлука со оценки од 1 до 5, каде што 1 е многу незадоволен, а 5 е многу задоволен.

За 86,5% од испитаните граѓани јасноста на судската одлука е многу важна, но само околу 59% од испитаниците се задоволни и многу задоволни од јасноста на судската одлука, четвртина од испитаниците се незадоволни, 26% се незадоволни и многу незадоволни, а 15% од испитаниците не се ниту задоволни ниту незадоволни.

ГРАФИКОН 79: ЈАСНОСТ НА СУДСКАТА ОДЛУКА




## 9. СТАНДАРДИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Почитувањето и примената на стандардите за квалитет на судските одлуки е многу важен показател за квалитетот на судството. Прашањето за степенот на примена на стандардите за квалитет на судските одлуки беше поставено на судиите, јавните обвинители и адвокатите и резултатите се прикажани во графиконите подолу.

Најголем дел од испитаниците од сите целни групи сметаат дека употребата на јасен и едноставен јазик во судските одлуки, односно пресуди се применува, за што се изјасниле 69% од судиите и 64% од јавните обвинители и адвокатите. Делумно задоволни се 22% од јавните обвинители и адвокатите и 15% судии.

ГРАФИКОН 80: УПОТРЕБА НА ЈАСЕН И ЕДНОСТАВЕН ЈАЗИК




Што се однесува до стандардот за почитување на однапред утврдени елементи на одлуката, 81% од судиите и 52% од јавните обвинители и адвокатите сметаат дека овој стандард се применува, додека 32% јавни обвинители и адвокати и 9% судии сметаат дека тој делумно се применува.

ГРАФИКОН 81: ПОЧИТУВАЊЕ НА ОДНАПРЕД УТВРДЕНИ ЕЛЕМЕНТИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО ИЛИ СТРУКТУРАТА НА ОДЛУКАТА




Концизноста на судската одлука е следниот анализиран стандард, за кој 72% од судиите и 50% од јавните обвинители и адвокатите сметаат дека се применува, а 31% од јавните обвинители и адвокатите и 19% судии сметаат дека тој делумно се применува.

### ГРАФИКОН 82: КОНЦИЗНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




Со цел доследна примена на стандардите за квалитет, како и унапредување на вештините за пишување на судски одлуки, структура на одлуките и стилот на пишување, неопходно постојано усовршување на судиите преку обука.

Најголем дел од судиите (59%) се согласуваат дека е потребна обука, за што се изјасниле и 43% од јавните обвинители и адвокатите. Дека делумно се применува овој стандард се изјасниле 36% од јавните обвинители и адвокатите и 16% од судиите.

### ГРАФИКОН 83: ОБУКА ЗА СУДИИТЕ ЗА СТРУКТУРА НА ОДЛУКИ, ЗА СТИЛОТ НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО НА ОДЛУКИТЕ И ЗА ПИШУВАЊЕ ПРЕСУДИ




За примената на стандардот за постоење на интерни механизми за процена на квалитетот на пресудите се изјасниле 53% од судиите и 27% од јавните обвинители и адвокатите. Но, дека овој стандард не се применува сметаат 33% од судиите и 18% од адвокатите и јавните обвинители, додека 35% од јавните обвинители и адвокатите сметаат дека тој делумно се применува, за што се изјасниле и 10% од судиите.

### ГРАФИКОН 84: ПОСТОЕЊЕ НА ИНТЕРНИ МЕХАНИЗМИ ВО СУДСТВОТО ЗА ПРОЦЕНА НА ОПШТИОТ КВАЛИТЕТ НА ПРЕСУДИТЕ




Следењето на практиката на Европскиот суд за човекови права е уште еден стандард што треба да се применува во судовите при донесување на одлуките. Најголем дел од судиите (50%) одговориле дека се применува, а 26% од јавните обвинители и адвокатите го имаат истото мислење.

Дека овој стандард не се применува сметаат 22% од јавните обвинители и адвокатите, како и 19% од судиите, додека за неговата делумна примена се изјасниле 46% од јавните обвинители и адвокатите и 28% судии.

## ГРАФИКОН 85: СЛЕДЕЊЕ НА ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА




При споредба на перцепцијата на судиите, јавните обвинители и адвокатите за примена на стандардите во 2021 и 2020 година се забележува дека во 2021 година е унапредена примената на стандардите во однос на 2020 година. Следствено, за секој поединечен стандард увидено е следното:

- Употреба на јасен и концизен јазик при пишување на судските одлуки – судиите за 4% повеќе сметаат дека при пишување на судските одлуки се користи појасен и поконцизен јазик, додека процентот на јавни обвинители и адвокати кои го сметаат истото е многу поголем (21%).

## УПОТРЕБА НА ЈАСЕН И ЕДНОСТАВЕН ЈАЗИК




- Почитување на однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката судиите сметаат дека во 2021 година многу повеќе се почитуваат однапред утврдените елементи на образложението отколку во 2020 година. Јавните обвинители и адвокатите сметаат дека во 2021 година помалку се почитуваат овие елементи во однос на претходната година.




- Концизноста е важен елемент на судската одлука и за тоа дека судските одлуки се многу поконцизни во 2021 година во однос на претходната година се изјасниле и судиите и јавните обвинители и адвокатите.



- Обука за судиите за структура на одлуки, за стилот на образложението на одлуките и за пишување пресуди – потребата од обуки и фактот дека тие придонесуваат кон подобро напишани одлуки се гледа од мислењето на двете целни групи испитаници, кои во 2021 година сметаат во многу поголем број дека обуките влијаат врз унапредување на судските одлуки и дека тие се потребни.




- Постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите – судиите сметаат дека во 2021 година постојат многу повеќе интерни механизми во судството, додека јавните обвинители и адвокатите за тоа се изјасниле во помал број.




- Следење на практиката на Европскиот суд за човекови права – и примената на овој стандард во 2021 година е значително зголемена, за што се изјасниле судиите (во поголем број) и јавните обвинители и адвокатите во помал број.



## ЗАКЛУЧОЦИ

Од одговорите може да се заклучи следното:

- Перцепцијата за квалитетот на судската правда во последните три години е дека состојбите се променети, односно судската правда е подобрена, но овие оценки најмногу се формирани од страна на судиите и јавните обвинители, додека граѓаните и адвокатите имаат поумерено мислење, односно дека работите не се многу променети.
- Граѓаните, адвокатите и обвинителите сметаат дека судиите и обвинителите генерално ги почитуваат правата на обвинетите или оштетените во предметите.
- Сите испитаници во голема мера се согласуваат дека судовите и јавните обвинителства имаат доволно ресурси да ги почитуваат правилата и методите утврдени со процесните закони.
- Достапноста на информации за судската постапка е многу важна во секој судски процес. Граѓаните сметаат дека достапноста на информации е од исклучителна важност за нив, но не се многу задоволни од достапноста на информации за предметот.
- Во однос на можноста на презентирање докази во текот на судската постапка, го имаат истото мислење, дека тоа е од исклучителна важност за нив, но не се многу задоволни од можноста што ја имале во текот на судската постапка.
- Истата перцепција граѓаните ја имаат и за сослушувањето на сведоци во текот на судската постапка.
- Стандардите за квалитетот на судските одлуки во голем дел се почитуваат, но голем дел од судиите не се задоволни како се следи практиката на ЕСЧП, интерните процедури на судството за процена на општиот квалитет на пресудите, како и од обуката за структура и пишување на пресудите.

# VI. СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

## 1. КОЛКУ ДОБРО СУДИИТЕ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА

Посебно прашање во анкетата имаше за тоа колку добро си ја извршуваат својата работа судиите, јавните обвинители, адвокатите и вештите лица. Секоја целна група беше оценувана од другите.

Судиите беа оценувани од страна на јавните обвинители и адвокатите, но најголем број (58%) од судиите за себе сметаат дека многу често ја извршуваат својата работа добро, а 33% од нив сметаат дека тоа го прават често, а само 3% ретко и 3% понекогаш.

Јавните обвинители во најголем број (68%) сметаат дека судиите често ја извршуваат работата добро, а 25% тоа го прават многу често. Околу 15% од јавните обвинители сметаат дека судиите никогаш, а 13% ретко работат добро.

ГРАФИКОН 86: СУДИИТЕ СИ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА ДОБРО




Судиите сметаат дека во 2021 година тие ја извршуваат работата добро во однос на 2020 година. Мислењето на јавните обвинители и адвокатите за работата на судиите е поразлично и тие сметаат дека судиите во 2021 година работат полошо отколку во 2020 година.

ГРАФИКОН 87: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА СУДИИТЕ



## 2. КОЛКУ ДОБРО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА

Оценките за работата на јавните обвинители од страна на другите групи резултира во тоа што 26% од јавните обвинители и адвокатите сметаат дека тие многу често ја извршуваат својата работа добро, а 37% дека тоа го прават често. Јавните обвинители и адвокатите (12%) сметаат дека јавните обвинители никогаш или ретко работат добро.

Од судиите, 43% сметаат дека јавните обвинители многу често работат добро, а 21% дека тие работат добро. По 7% од судиите сметаат дека јавните обвинители работат добро понекогаш, ретко и никогаш.

ГРАФИКОН 88: ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ СИ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА ДОБРО




Перцепцијата на јавните обвинители и адвокатите за работата на судиите и на јавните обвинители е подобрена, односно во 2021 година и двете целни групи ја подобриле својата работа во однос на 2020 година.

ГРАФИКОН 89: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ



## 3. КОЛКУ ДОБРО АДВОКАТИТЕ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА

За работата на адвокатите мислењата на разните целни групи се мошне уедначени. Имено, 54% од адвокатите и јавните обвинители сметаат дека адвокатите добро работат често и многу често, а 11% од нив сметаат дека адвокатите никогаш и ретко работат добро.

Истовремено, 60% од судиите сметаат дека адвокатите добро работат често и многу често, а 9% од судиите сметаат дека адвокатите не работат добро.

ГРАФИКОН 90: АДВОКАТИТЕ СИ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА ДОБРО




Перцепцијата на судиите за работата на адвокатите е дека во 2021 година адвокатите ја подобриле нивната работа, во однос на претходната година, додека јавните обвинители и адвокатите сметаат дека во 2021 година адвокатите работат полошо отколку во 2020 година.

ГРАФИКОН 91: ДВИЖЕЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА РАБОТАТА НА АДВОКАТИТЕ




## ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените одговори од анкетата за тоа колку добро работат судиите, јавните обвинители и адвокатите, може да се заклучи следното:

- » Сите три целни групи се оценето добро, односно и судиите и јавните обвинители и адвокатите добро си ја извршуваат својата работа.
- » Најчесто, сите сметаат дека судиите и јавните обвинители работата ја извршуваат добро многу често и често, додека за адвокатите мислењето е понеповолно, односно тие работата ја извршуваат добро понекогаш, често и многу често.
- » Многу мал дел од испитаниците одговориле дека која било од целните групи работи лошо.

ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ